**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА**
**Бр. 08-1487/2**

18-10-2024

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од 16.10.2024 година поднесено од полномошникот на барателот на информацијата , директорот на имателот на информацијата – Агенција за администрација го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. **Барањето** за пристап до информации од јавен карактер број 08-1487/1 од 16.10.2024 година поднесено од , СЕ УВАЖУВА.
2. Службеното лице овластено за посредување со информациите од јавен карактер да ги достави бараните информации до барателот во форма и на начин наведени во барањето, во законски утврдениот рок.
3. Решението стапува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Полномошникот на барателот на информацијата до Агенцијата за администрација на ден 16.10.2024 година поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое се бара следната информација од јавен карактер:

*Број на жени министерки, заменик министерки, државни секретарки, директорки на агенции, инспекторати, директорати, претседателки на комисии, како и директорки на ЈП, во периодот од 2014 до 2024 година.*

Имајќи го предвид фактот дека Агенцијата за администрација располага со бараните информации од јавен карактер, а постапувајќи согласно одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**ДИРЕКТОР,**

Изработил:

Доставено до.
- Директор;
- Барателот на информацијата;
- Архива.